Се проценува дека секое петто дете во Европа е жртва на некаков облик на сексуално насилство, какви што се инцестот, порнографијата, проституцијата, трговијата со луѓе, корупцијата, подведувањето преку Интернет, сексуалната експлоатација или сексуалните злоупотреби. Имајќи ги предвид размерите на овој проблем, во 2010 година Советот на Европа започна кампања ЕДНО од ПЕТ, која има за цел подигање на свеста на сите актери - децата, родителите и сите оние кои доаѓаат во контакт со децата - за постоењето на овој проблем, како и промовирање на ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба – која е позната и како Конвенцијата од Ланзароте - од страна на 47-те земји - членки на Советот на Европа и од други земји.

Локалните и регионалните власти имаат клучна одговорност, заедно со владите , да ги штитат и да ги унапредуваат човековите права на граѓаните, што вклучува и обезбедување и унапредување на сигурноста и благосостојбата на децата и младите луѓе кои живеат на нивното подрачје. Услугите наменети за помош на жртвите на сексуално насилство и злоупотреба воглавно се даваат на локално ниво. На локално ниво се најделотворни и превентивните мерки и активностите за подигање на јавната свест. Оттаму произлегува дека локалните и регионалните власти се наоѓаат на фронталната линија во борбата против сексуалното насилство врз децата и дека тие треба да изготват и да спроведуваат акциски планови и стратегии за справување со овој сериозен проблем и за спречување на идни случаи.

Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа го изготви овој Пакт на градови и региони за стопирање на сексуалното насилство врз децата за да им даде насоки на властите во нивната борба против сексуалната експлоатација и злоупотреба на децата. Тој содржи листа на практични иницијативи и политики кои можат да се спроведуваат на локално и регионално ниво, со цел да се обезбедат услуги кои ќе бидат подобни за децата, да се обезбеди заштита на децата и да се спречи сексуалното насилство во заедницата.

PREMS 090315

MKD

Како политичка организација основана во 1949 година, Советот на Европа делува на планот на унапредување на демократијата и човековите права на целиот европски континент. Организацијата исто така гради заеднички одговор кон општествените, културните и правните предизвици со кои се сочуваат нејзините 47 земји-членки. Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа ги претставува локалните и регионалните власти и ја промовира локалната демократија. Конгресот има два дома, Дом на локални власти и Дом на региони, и обединува 324 постојани и 324 заменици-членови кои претставуваат повеќе од 200.000 европски територијални заедници.

CONGRESS OF LOCAL AND REGIONAL AUTHORITIES OF THE COUNCIL OF EUROPE
Avenue de l'Europe – F 67075 Strasbourg Cedex / Tel.: +33 (0)3 88 41 21 10 / Fax : +33 (0)3 88 41 37 47
www.coe.int/congress-pact – congress.oneinfive@coe.int

The Congress
Le Congrès
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# ГРАДОВИ И РЕГИОНИ: ПАКТ ЗА СТОПИРАЊЕ НА СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦАТА

one in five
un sur cinq

Придонес на Конгресот кон
Кампањата на Советот на Европа
**ЕДНО од ПЕТ**

## Сет алатки за кампањата

The Congress
Le Congrès
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE